# ПРОФИЛ НА ЗДРУЖЕНИЕ

## ДИЈАЛОГ- ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

## ОКТОМВРИ 2021



www.cddd.org.mk
contact@cddd.org.mk

# Содржина

За нас (визија, мисија, методи и програмски цели) ..........1

Организациска структура ..........3

Проекти ..........4

Публикации/научни трудови ..........6

## ЗА НАС (мисија, визија, методи и програмски цели)

ДИЈАЛОГ Центарот за делибертивна демократија од Прилеп (во понатамошниот текст само ДИЈАЛОГ) е непрофитно здружение на граѓани формирано со основна **мисија** подобрување на демократските процеси, развој на дијалогот во разни општествени сфери, подобрување на човековите права и промовирање на делиберативната демократија во Република Македонија на долг рок.

ДИЈАЛОГ е официјално регистриран на 11ти август 2016та откако неколку членови веќе успешно учествуваат во имплементација на заеднички истражувачки проекти. Следствено, иницијативата за формализирање на оваа соработка во вид на здружение се јавува како резултат на меѓусебната доверба помеѓу нејзините членови, успешни претходни професионални соработки и идејата за зацврстување на демократската мисла на локално ниво. Здружението ДИЈАЛОГ затоа е основано од пет политиколози (мнозинството жени) со цел децентрализирање на политичката мисла и идејата за делиберативната демократија.

ДИЈАЛОГ има **визија** за Македонија во која граѓаните ќе бидат активни учесници во процесите на делиберативната демократија.

ДИЈАЛОГ цели кон:

- Истражување и анализа на општествените процеси чие подобрување е дел од целите на Здружение ДИЈАЛОГ- ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА Прилеп.
- Промоција на наодите и препораките од истражувањата со цел придонес кон креирање на јавните политики.
- Едукација со цел потттикнување и развој на делиберативна политичка култура.
- Лобирање и застапување на вредностите на делиберативната демократија.
- Вмрежување и соработка со државни и јавни институции, образовни институции, меѓувладини, владини и невладини организации во земјата и странство.

Главни полиња на истражување (**програмски цели**) на ДИЈАЛОГ се:

### Делиберативна демократија

ДИЈАЛОГ ја дефинира делиберативната демократија како комбинација на претставничка и директна демократија која применува автентична делиберација за јавните политики и донесува одлуки со примена на елементи и на консензуално носење на одлуки и на правило на мнозинството.

### Владеење на правото

Владеење на правото опфаќа истражување и анализа на функционални демократски институции, поделба на власта, носење на јавни политики базирани на податоци и докази, делегирање на власта на локално ниво, степенот на дискусија и соработка помеѓу институциите во политичкиот систем.
Избори и политички партии; Анализа на изборните процеси, демократскиот интер-партиски капацитет, следење на изборниот процес.

### Цивилно општество

Истражување и анализа на политичката култура, анализа на влијанието на граѓанскиот сектор врз политичките процеси, капацитет на граѓанските организации и движења, вклученост на граѓанскиот сектор во јавна дебата и креирање на политики.

### Влијанието на традиционални и нови медиуми за развој на делиберативната демократија во Република Македонија

Утврдување преку соодветни истражувања и анализа на степенот на независност и слобода на медиумите како и степенот на слобода на изразување и говор на омраза.

### Дискриминација и маргинализирани групи

Анализа на состојбите во поглед на основните човекови и малцински права и слободи и подобрување на нивните услови за живот во државата.

### Меѓуетничката кохабитација во Македонија, со посебен акцент за инклузивноста на немнозинските етнички малцинства

Во поглед на меѓуетничката кохабитација, анализа на меѓуетничката коегзистенција и кохабитација, со значајно внимание врз помалку бројните етнички заедници.

### Родова рамноправност

Истражување на родови прашања, статусот на жената и креирање на политики со цел подобрување на родовата еднаквост, партиципативноста на жените во политичкиот и општествениот живот.

### Социјална правда

Анализа на состојбите на економската нееднаквост и подобрување на социјалните и работничките права со цел зголемување на социјалната доверба и квалитет на живот. Ранливи групи како стари луѓе, жени, малцинства, деца, итн. се значајни целни групи во делот на оваа цел.

### Европска Унија и евроатланските интеграции

Утврдување на нивото на европеизација во согласност со основните критериуми за влез во Унијата. Анализа на процесот на хармонизација на македонското со европското законодавство и процесот на нивна имплементација.

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**Органи** на ДИЈАЛОГ се Претседател/ка, Собрание и Извршен одбор.

ДИЈАЛОГ е основан од 5 члена, а моментално има 9 члена, од кои 8 жени и еден маж, и четири волонтери.

ДИЈАЛОГ располага со двајца доктори на политички науки, двајца докторанди на политички науки, еден докторанд на јазици, дискурс и комуникација, еден магистар, еден магистрант на политички науки и еден дипломиран професор и еден лингвист. ДИЈАЛОГ има четири волонери, еден дипломиран професор по македонски јазик и еден магистер по правни науки, еден дипломиран радиолог и еден студент по економија.

ДИЈАЛОГ има ДИЈАЛОГ има двајца истражувачки лидери/проектни менаџери (д-р Јосипа Ризанкоска и доц. д-р Јасмина Трајкоска,), еден административен координатор (Николина Ризанкоска-Антеска) и еден асистент (Александра Спасеска). Александра Спасеска е задолжена и за комуникација и медиуми, а остатокот од тимот се ангажирани како истражувачи, комуникација и јазична обработка.

## ПРОЕКТИ

| Наслов | Времетраење | Донатор/ буџет | Продукти |
|---|---|---|---|
| Можности за интеграција и родова рамноправност на македонската иселеничка. | Март – октомври 2021 | Самофинансирање | • Онлајн анкета со 407 македонски иселенички<br>• Квантитативна анализа/студија на македонски и англиски<br>• Бриф |
| Иднината на младите во Струмичкиот и Прилепскиот микрорегион | Мај- јуни 2021 | ЗМАИ и Цивика мобилитас | • Деск анализа<br>• Анкета (онлајн и на терен)<br>• Квантитативна анализа<br>• Полиси бриф<br>• Видео<br>• Презентација на конференција |
| Потребите на младите во С. Македонија поради Ковид-19 | Јануари 2021- Јули 2021 | Мировен Корпус/Амбасада на САД 10500 американски долари | • Студија на три јазици<br>• фокус групи со граѓански организации<br>• интервјуа со институции<br>• анкета со млади/800 испитаници |
| Пет години од Шарена Револуција (истражување) | Декември 2020- продолжува | (самофинансирање) 200 евра потрошени досега. | • Анкета со 400испитаници/289 учесници во ШР.<br>• Извештај на три јазици<br>• Монографија во почетна фаза на планирање |
| Испразнето гнездо | Август-декември 2020 | 328 000 мкд Цивика мобилитас | • Онлајн анкета со 926 испитаници/иселеници<br>• Студија/публикација на македонски и англиски<br>• Семинар/28учесници<br>• Јавен настан/44 учесници<br>• Застапување/300 засегнати страни/чинители<br>• Видео / над 700 клика |
| 8 Март и родовата рамноправност (анкета) | 8 март – 8 април 2020 | Н/А | • Анкета 601 испитаник<br>• Квантитативна анализа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Улогата на граѓанските организации во процесите на креирање политики во Северна Македонија. | Февруари 2020 | 10000 ден Општина Прилеп | • Објавен труд во научно списание |
| Младите и медиумската писменост (во соработка со Здружене Здраво Млади) | Ноември 2018 | Самофинансирање | • работилница со 10 средношколци од Прилеп |
| Измени и дополнувања на законот за родителство (во склоп на иницијатива на Заедничко и одговорно родителство и по развод) | Мај 2018 | Н/А | • мирен протест пред Собрание<br>• излагање на Собраниска комисија за предлог измени на закон за родителство |
| Проценка на влијанието на регулативата за употреба на јазиците | Февруари-октомври 2018 | 10000 евра ЕУ, ИДСЦС, ЦЕА | • анкета 669 испитаници<br>• 4 фокус групи<br>• анкета 50 граѓански организации<br>• 40 интервјуа со претставници на државни институции<br>• конечна студија (македонска, албанска и англиска верзија)<br>• конференција |
| Теренско истражување помеѓу демонстрантите на иницијативата "За Заедничка Македонија" во Прилеп. | Април 2017 | Самофинансирање | • 89 анкети во Прилеп/ база на податоци<br>• Научен труд/анализа |
| Теренско истражување помеѓу демонстрантите на "Шарената Револуција" во Прилеп и Скопје. | Мај-јуни 2016 | Самофинансирање | • 567 анкети на директни учесници во протестите во Прилеп и Скопје/ база на податоци<br>• Научен труд/анализа<br>• Извештај на резултати за национални медиуми |
| Охридскиот Рамковен Договор и меѓуетничките односи во Македонија на патот кон ЕУ. | Октомври-ноември 2014 | Самофинансирање | • 30 интервјуа со високи претставници на 27 политички партии во Македонија<br>• Две научни студии |

## ПУБЛИКАЦИИ

- Rizankoska, Josipa, Dimova, Natasha, Spaseska, Aleksandra, Rizankoska-Anteska, Nikolina (2021) *Youth and COVID-19 in North Macedonia: Needs, Challenges, Consequences*. Prilep: DIALOGUE Center for Deliberative Democracy. (ISBN in English 978-608-66232-7-2, in Macedonian 978-608-66232-6-5, in Albanian 978-608-66232-8-9)

- Ризанкоска Јосипа, Милушев Ѓорги, Ризанкоска-Антеска Николина, Клесова Никол (2021) Иднината на младите од Струмичкиот и Прилепскиот микрорегион*: социјален живот, кариера, вклученост, (е)миграции*. Скопје: ЗМАИ. Во процес на публикација.

- Ризанкоска Јосипа, Спасовска Елена, Трајковска Ирена, Спасеска Александра, Ризанкоска-Антеска Николина (2021). Македонки во движење. Извештај од анкетата „Можности за интеграција и родова рамноправност на македонската иселеничка 2021“. Прилеп: ДИЈАЛОГ – Центар за делиберативна демократија. https://cddd.org.mk/wp-content/uploads/2021/10/Makedonki-vo-dvizenje-dijalog-vezilka-oktomvri-2021.pdf

- Ризанкоска Јосипа, Василев Кире, Спасеска Александра, Демири Мариглен, Ризанкоска-Антеска Николина, Трајкоска-Наумоска Јасмина (2021). *„Пет години Шарена Револуција. Извештај од анкетата, јануари-февруари 2021. Прилеп*: ДИЈАЛОГ – Центар за делиберативна демократија. https://cddd.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/5-godini-sharena-revolucija.pdf

- Ризанкоска, Ј., и Трајкоска-Наумоска, Ј. 2020. Емиграциите на генерацијата „Независна Македонија“. ДИЈАЛОГ центар за делиберативна демократија, Прилеп. ISBN 978-608-66232-3-4.Достапно на https://cddd.org.mk/wp-content/uploads/2020/11/emptied_nest_macedonian.pdf)

- Ризанкоска, Ј. и Спасеска Александра. 2020. Извештај за анкета „8 Март и родовата рамноправност во Северна Македонија“, ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија, Прилеп. (Достапно на: https://cddd.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/8-March-8-%D0%9C%D0%B0%D1%80%D1%82-Rizankoska-Spaseska-Final.pdf )

- Trajkoska Naumoska, J., & Rizankoska, J. (2020). ANNOYING BUZZERS OR PRODUCTIVE BEES? THE ROLE OF CIVIL SOCIETY ORGANIZATIONS IN THE POLICY MAKING PROCESSES IN NORTH MACEDONIA. Knowledge International Journal, 38(5), 1049 - 1058. Retrieved from https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/article/view/3812

- Трајкоска Наумоска, Ј. и Ризанкоска, Ј. (2020) Предизвиците за имплементација на Законот за употреба на јазиците. (септември 2020- Зборник од Меѓународна

научна конференција на Агенцијата за употреба на јазикот „Мултилингуализмот и предизвиците на спроведувањето на Законот за употреба на јазиците во Република Северна Македонија“.)

- Rizankoska, J. and Trajkoska, J. (2019) Explaining public support for the Law on the Use of Languages in Macedonia. Journal of Liberty and International Affairs Vol. 5. Issue 1. (May 2019) pp.9-30 Available at: http://e-jlia.com/index.php?page=paper-details&id=15_1

- Rizankoska, J. and Trajkoska, J. (2019) A Social Movement in First Person Singular: the Colours of the ‘Colourful Revolution’ in North Macedonia. Southeastern Europe Journal, BRILL, Issue 43 – 1, pp. 1-27. DOI: https://doi.org/10.1163/18763332-04301001

- Ризанкоска, Ј. и Трајкоска, Ј. (2018) Проценка на влијанието на регулативата за употреба на јазиците во Македонија. ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија. (Rizankoska, J. dhe Trajkoska, J. (2018) Vlerësimi i ndikimit të rregullativës për përdorim të gjuhëve në Maqedoni. DIJALOG Qendër për democracia deliberative.ISBN 978-608-66232-0-3

- Rizankoska, J. and Trajkoska, J. (2018) Regulatory Impact Assessment of the Regulation on the Use of the Languages in Macedonia. DIALOGUE Center for Deliberative Democracy. ISBN 978-608-66232-1-0

- Ризанкоска, Ј., и Трајкоска, Ј. (2017) „Шарената Революција” и Движењето „За Заедничка Македонија” – симбол на будењето на партиципативната граѓанска култура или показател на длабоката партиска поделеност во македонското општетсво? Студија на случај - Прилеп. Политичка Мисла бр. 53. Јуни 2017. Скопје: КАС, Конрад Аденауер Фондација.

- Rizankoska, J. and Trajkoska, J. (2016) "The Ohrid Framework Agreement: a strategic tool for electoral party competition in Macedonia ". Journal of Liberty and International Affairs. Vol. 2 No. 2016. pp 9-26

- Trajkoska, J and Rizankoska J. (2015), “The EU as a factor of stability and a promoter of good interethnic relations in Macedonia.” International Yearbook. Faculty of Security, University of Kliment Ohridski. 2015/1 pp. 133-144